**20202423096**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 47 став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.152/19, 244/19 и 275/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 6 октомври 2020 година, донесе

**УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА, КОРИСНИЦИТЕ НА СРЕДСТВАТА, МАКСИМАЛНИТЕ ИЗНОСИ И НАЧИНОТ НА ДИРЕКТНИТЕ ПЛАЌАЊА ЗА 2020 ГОДИНА**

Член 1

Во Уредбата за поблиските критериуми за директните плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 278/19, 13/20, 88/20, 111/20, 128/20, 153/20 и 229/20) во членот 2 став (2) во табелата по подмерката „1.10. “ се додава нова подмерка „1.10-а.“ која гласи

„

| | | |
|---|---|---|
| 1.10-а. | Дополнителни директни плаќања за произведено и предадено грозје за сортите Смедеревка, Вранец, Бургундец Црн, Станушина, Кратошија, Жилавка, Кадарка во регистрирани капацитети за производство на вино во Република Северна Македонија | Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства кои се корисници на подмерката 1.10. од оваа уредба и имаат површини под лозови насади и оствареното производство од сортите: Смедеревка, Вранец, Бургундец Црн, Станушина, Кратошија, Жилавка, Кадарка од реколта 2020 година да е предадено во регистрирани капацитети за производство на вино во Република Северна Македонија.<br>- Висината на дополнителни директни плаќања изнесува 2 денари по килограм. |

“

Член 2

Во членот 3 по ставот (21) се додава нов став (22) кој гласи:

„(22) Спроведувањето на подмерката 1.10-а. “Дополнителни директни плаќања за произведено и предадено грозје од сортите Смедеревка, Вранец, Бургундец Црн, Станушина, Кратошија, Жилавка, Кадарка “ од член 2 став 2 на оваа уредба се врши врз основа на потврди за предадено грозје издадени од страна на регистрирани капацитети за производство на вино во Република Северна Македонија.”

Ставовите 22 и 23 стануваат ставови 23 и 24.

Член 3

Во членот 4 во точката 3 зборовите „ и 1.19. ” се заменуваат со зборовите „1.10-а. и 1.19.”

Член 4

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-9198/1
6 октомври 2020 година
Скопје

Прв заменик на Претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Артан Груби,** с.р.